This project is funded by the European Union

This project is implemented by ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS МЗМП

Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите од спроведување на проектот “Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот” финансиски поддржан од Европската унија, број на договор: NDICI-THE-NEAR/2022/441-71на ден 10.07.2024 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за ангажирање на двајца (2) експерти за спроведување на обука за заштита на правото на приватност и спроведување на обука за обучувачи**

## 1. Општи информации за Проектот

Проектот “Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот” (во понатамошниот текст Проектот) е акција финансиски поддржана од Европската унија со договор бр. 2022/441-711 во рамки на програмата ЕИДХР Поддршка на граѓанското општество преку шеми за поддршка засновани на одредена земја, во Северна Македонија. Проектот се спроведува во период од 2 февруари 2023 до 31 јануари 2025 година од страна на Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Општа цел на Проектот е да се зајакнат капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во онлајн просторот во согласност со правото и стандардите на ЕУ. Во насока на остварување на општата цел, Проектот вклучува спроведување на повеќе активности групирани во три компоненти: 1. Градење на капацитети (1.1 Подготовка на анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното обвинителство 1.2 Подготовка на програми за обука за судството и јавното обвинителство 1.3 Усогласување на програмите за обука со АСЈО и интегрирање на обуките во програмата за обука на АСЈО 1.4 Испорака на обуки за заштита на приватност, лични податоци и човекови права во онлајн просторот за судии и јавни обвинители 1.5. Испорака на обука за обучувачи ) 2. Истражување (2.1. Подготовка на извештај за проценка на празнините и компаративна анализа за улогата на судството во Северна Македонија во заштита на правото на приватност и лични податоци 2.2. Подготовка на Водич за заштита на човековите права и правото на приватност во дигиталниот простор за практична употреба на судии, јавни обвинители и адвокати) 3. Дијалог за креирање политики (3.1 Подготовка на четири анализи за клучни ИКТ теми релевантни за правосудството 3.2 Стратешки форуми за дискусии меѓу институциите околу клучните теми 3.3 Интегрирање на заклучоците и препораките од стручните форуми во документ за креирање политики  3.4 Јавна кампања за едуцирање на граѓаните за правните инструменти за заштита на човековите права во дигитален простори). Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк.

## 2. Опис на активноста предмет на овој повик

Ангажманот кој е предмет на овој јавен повик е потребен заради спроведување на обуки за заштита на приватност, лични податоци и човекови права во онлајн просторот за судии и јавни обвинители и испорака на обука за обучувачи наменета за судии и јавни обвинители.
Обуките ќе се спроведат во период од септември 2024 година до јануари 2025 година со вкупен ангажман од 11 работни дена по експерт и тоа вкупно по експерт 4 работни дена за спроведување на активност 2.1 (2 дена за подготовка и 2 дена за испорака на обуки) и 5 работни дена за спроведување на активност 2.2 (2 дена за подготовка и 3 дена за испорака на обуки) . Конкретните датуми за спроведување на обуките ќе бидат договорени во координација со проектниот тим и избраните обучувачи.

**2.1 Испорака на обуки за заштита на правото на приватност, лични податоци и човекови права во онлајн просторот наменета за судии и јавни обвинители**

Опис и работни задачи:

- Да подготви и достави план и и материјали кои ќе се користат за време на обуката согласно Курикулум за обука за судии и јавни обвинители за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор подготвен во рамки на проектот
- Да спроведе обука со физичко присуство за судии и јавни обвинители
- Да подготви методологија за пред и пост евалуација на обуката
- Да подготви извештај за спроведената обука

**2.2 Испорака на обука за обучувачи за заштита на лични податоци наменета за судии и јавни обвинители**

Опис и работни задачи:

- Да подготви и достави план и и материјали кои ќе се користат за време на обуката согласно Курикулум за обука на обучувачи за заштита на човекови права, правото на приватност и лични податоци во дигиталниот простор подготвен во рамки на проектот
- Да спроведе обука за обучувачи со физичко присуство за судии и јавни обвинители
- Да подготви методологија за пред и пост евалуација на обуката
- Да подготви извештај за спроведената обука

## 3. Профил и потребни квалификации

Обучувачите треба да ги исполнуваат следните квалификации::

- Правник со работно искуство во областа на заштита на правото на приватност и лични податоци од најмалку 5 години;
- Најмалку 3 спроведени обуки на теми поврзани со заштита на лични податоци и правото на приватност;

- Претходно искуство во спроведување на обуки за државни и јавни службеници или судии и јавни обвинители (за предност се смета доколку одржувале обуки како обучувачи ангажирани од Академија за судии и јавни обвинители);

## 4. Рок, начин на пријавување и евалуација на биографиите

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите треба да достават:

- Кратка биографија (CV)
- Професионално портфолио кое задолжително ќе содржи листа на реализирани обуки со преглед на корисници на испорачаните обуки

Критериуми кои ќе бидат земени во предвид при одлучувањето се:

- Целосно исполнување на условите од точка 4
- Проценка на професионално портфолио со листа на реализирани обуки и преглед на корисници на испорачаните обуки

Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид. Центарот за правни истражувања и анализи го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати. Документите треба да се достават во електронска верзија на е-пошта: contact@cpia.mk, со назнака – Апликација за обучувач. Рок за пријавување е до 01.08.2024 година (16:30) часот.

## 5. Договор, временска рамка и плаќање

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Работниот ангажман ќе биде спроведен во вкупно 11 работни дена по експерт. За ангажманот е предвиден бруто надомест од 150 ЕУР по ден за спроведување на активности од точка 2.1 (Спроведување на обуки) и бруто надомест од 200 еур по ден за спроведување на активности од точка 2.2 (Спроведување на обука за обучувачи) наменети за судии и јавни обвинители. Исплатата ќе се изврши по завршување на предвидените активности за кои експертот бил ангажиран, а по одобрувањето на листите за присуство од страна на Проектниот менаџер.